БЛИНК 42 – 21
ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ ИНОВАЦИИ

Ул. Рајко Жинзифов бр.50 1-2/23,
1000 Скопје, Република Македонија
тел. +389 2 3317 3072
Е-пошта: info@blink42-21.mk
www.blink42-21.mk

**Предмет: Барање за ангажирање на експерт бр. 02/2019**

**Датум на објавување: 17.12.2019 година**

Центарот за социјални иновации Блинк 42-21 од октомври 2019 година започна да го реализира проектот „Откривање на Римскиот град Стоби – Виртуелно искуство“ со грант Договор бр. TAPTAP0020-065A-2019., со Советот за Регионална Соработка (Regional Cooperation Council). Проектот е со времетраење од 7 месеци и финансиски е поддржан од Европска Комисија. Дел од активностите на проектот е и изработка на сценарио за сцена на гладијаторската битка во театарот на Стоби.

**Ве покануваме да ја доставите Вашата понуда (квалитативна и финансиска) согласно спецификацијата на услугите во табелата:**

| | **Опис на услуга** | **Количина** | **Единечна цена без ДДВ (во МКД)** | **Вкупна цена без ДДВ (во МКД)** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Експерт за развој на сценарио** | | | |
| | Целта на ангажманот на експертот е изработка на сценарио за сцена на гладијаторската битка во театарот на Стоби. Сценариото треба да вклучува приказна со развиени карактери, движење и да биде базирано на претходно направени истражувања и археолошки податоци. Сценариото треба да создава информативен и кративен концепт кој ќе овозможи реалистичен приказ. Сценариото треба да вклучува церемонија на гладијаторска битка, сцена од битка без драматично насилство. Сценариото ќе служи како основа во процесот на | 1 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | изработка на апликација за виртуелна реалност (standalone Virtual reality application)- Сцена со гладијаторска борба во театарот на Стоби. | | | |
| - Услугата се изработува на македонски или англиски јазик, фонт Times New Roman со македонска поддршка, големина 12 и проред 1,5.<br>- Експертот се очекува да има универзитетска диплома во областа на археологијата и работно искуство во теми поврзани со истражувањ ена галадијаторите од римскиот период. Препознатливо практично искуство во изработка на истражувања и креативни пристапи во промоција на културното наследство ќе се сметаат за предност.<br>- Присуство на состаноци и координација со проектниот тим.<br>- Соработка со другите ангажирани експерти.<br>- Реализација Јануари 2020- Февруари 2020 година. | | | | |

*Забелешка: Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од сите давачки, даноци и такси, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Плаќањето е врз основа на доставена фактура генерирана во системот на УЈП.*

**Услугите во табелата се неделиви и за истите ќе биде избран еден добавувач. Изборот на добавувач ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда.** БЛИНК 42-21 ќе склучи договор со избраниот добавувач, а плаќањето ќе се 100% по доставување на сценариото.

Во прилог треба да се достави следната документација:

Прилог 1: Професионална биографија (CV)
Прилог 2: Понуда со пополнети износи согласно табелата
Прилог 3: Референтна листа на претходни реализирани услуги

**Понудата се доставува исклучиво во електронска форма преку е-пошта на info@blink42-21.mk. Во предмет на е-пораката да стои: Понуда за Повик 03/2019 и сите барани документи треба да се со печат и потпис од овластено лице во скенирана форма.**
**Понудата треба да се достави во рок од 8 работни денови од денот на објавувањето, односно најдоцна до 27.12.2019 год. до 16:00 часот. Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид.**

Сите добавувачи кои доставиле понуди и ги исполнуваат условите ќе бидат разгледани од страна на евалуционата комисија и соодветно известени за одлуката.

За сите дополнителни информации може да се обратите на е-пошта: info@blink42-21.mk .

**Со почит,**
**Центар за социјални иновации БЛИНК 42-21**